РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 08-122/1
06.02. 2026 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр. 202/24) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 06.02.2026 година донесе:

# ОДЛУКА

## за усвојување на Годишен извештај за Програмата за еднакви можности помеѓу мажите и жените на општина Пехчево за 2025 година

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува Годишниот извештај за Програмата за еднакви можности помеѓу мажите и жените на општина Пехчево за 2025 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за Програмата за еднакви можности помеѓу мажите и жените на општина Пехчево за 2025 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 01-122/2
06.02. 2026 год
ПЕХЧЕВО

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2025 ГОДИНА




**Февруари, 2026 година**

## ВОВЕД

Активностите на општина Пехчево во областа на еднаквите можности на мажите и жените се насочени кон унапредување на еднаквите можности на мажите и жените. Општината преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, превзема конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквоста и промовирање и градење на реални локални заедници и општество во кои еднаквоста ќе биде пракса.

Обврска и одговорност на администрацијата е да креираат, иницираат и организираат активности и проекти и да раководат со реализацијата на мерките кои ќе придонесат за унапредување на односите во оваа свера.

**РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО 2025 ГОДИНА**

| Реден број | Опис на активноста | Корисници | Реализирани средства | Забелешка |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 1. | Прибирање на родово разделени податоци | Општина Пехчево | 0 денари | Собрани се родово разделени податоци, за број на мажи/жени во општината, општинските институции и јавните институции на територијата на Општина Пехчево |
| 2. | Создадена внатрешна процедура за задолжително разгледување на програмите на општината од страна на КЕМ во насока на нивна | Општина Пехчево | 0 денари | Програмите се доставуваат до членовите на КЕМ, кои воедно се и советници при Советот на Општина Пехчево и истите се |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | родова сензибилизација | | | разгледуваат од нивна страна, без посебно донесена внатрешна процедура |
| 3. | Работилница/Обука за булинг и неговото влијание врз однесувањето на децата во ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево | Учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево | 0 денари | Опфатени околу 70% од учениците од 7,8,9 одделение од ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево |
| **ВКУПНО:** | | | **0,00 денари** | |

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Координаторот за еднакви можности во Општина Пехчево во однос на првата активност, со поднесено барање до општинските и јавните институции ги собра податоците за број на вработени во истите и број на вработени – мажи и број на вработени – жени.

Сите програми кои се донесуваат од страна на Општина Пехчево, се разгледани од страна на КЕМ, која се состои од советници при Советот на Општина Пехчево. Координаторот за еднакви можности при Општина Пехчево учествуваше во обука за родова анализа и креирање на програми, како и обука за родово одговорно буџетирање, при што оваа година општината доби поддршка од ментор во однос на вклучување на родови аспекти во годишните програми за 2026 година и извештаи за 2025 година.

Обуката за булинг беше спроведена во ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево од страна на стручните служби во училиштето односно педагог и психолог, а во соработка со Општина Пехчево и истата оваа година немаше финансиски импликации.

Изработил:

Елица Јовевска

Советник за планирање на ЛЕР

Бр.

Датум:

Совет на Општина Пехчево

Претседател

Миле Гошевски